


Врска : ППОВ.бр.2/22

ПРЕКУ: ОСНОВНИОТ СУД ВО ШТИП

ДО : АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ШТИП

ТУЖИТЕЛ: Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, место на раѓање Украина на 24.03.1976 година, со живеалиште на ул.Рхеиналее 140 Дизелдорф Германија, со број на пасош 51 5268030, застапуван од Адвокатска канцеларија Јаниќевиќ од Скопје, бул.Кочо Рацин бр.38-1/5

ТУЖЕН : 1.Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, ул.Ген. Михајло Апостолски бр.7-3 штип, со ЕМБС 5096847 и ЕДБ 4029996110063, застапувано од Управителот Никола Љуботенски, со е-маил: r.ljubotenski@imakovino.com.mk, преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје, ул.Васил Главинов бр.7Б-1/1, со тел.02/3290-811, со е-маил: conevskig@t.mk, со сертификат за електронски потпис и регистриран во системот за е-достава под корисничко име Адвокат Гоце Цоневски, и полномошник Адвокат Филип Медарски, со седиште на ул. Васил Главинов 3/1-2, Скопје-Центар, електронско сандаче за судска достава: filipmedarski@yahoo.com, со корисничко име: advmedarski, тел: 02/3223253 и со е-маил: info@medarskilaw.com

2. Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз штип, ул.Михајло Апостолски бр.34-5 штип, со ЕМБС 4805178 и ЕДБ 4029994108584, застапувано од Управителот Ристе Љуботенски, со со е-маил: r.ljubotenski@imakovino.com.mk,

ОСНОВ: Надомест на штета

ВРЕДНОСТ: 1.915.458,00 евра

Ж А Л Б А

ОД ТУЖЕНИОТ Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип,
преку полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје и полном. адвокат Филип Медарски

Со Решение ППОВ.бр.2/22 од 23.01.2023 година донесено во повторно постапување, Основниот суд во Штип, го одби како неоснован Предлогот поднесен од предлагачот-туженият Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип за повторување на постапката правосилно завршена со Пресуда на Основниот суд во Штип П4 бр.78/15 од 18.01.2016 год. потврдена со пресуда на Апелациониот суд Штип ГЖ бр.205/21 од 03.06.2021 година, како и барањето за надомест на трошоци во постапката во износ од 695.516,00 денари и го задолжи туженият-предлагач да му ги надомести на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, со живеалиште во Германија, трошоците во постапката во износ од 348.867,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на решението, а поголемото барање на тужителот за разликата од бараниот до досудениот износ на трошоци го одби.

Незадоволен од ова решение, предлагачот-туженият Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, преку неговите полномошници Адвокат Гоце Цоневски и Адвокат Филип Медарски, ја поднесува оваа жалба со која го побива истото во целост, а поради:

- Суштествени повреди на одредбите на постапката од чл.343 ст.1 и ст.2 т.14 од ЗПП;
- Погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба од чл. 344 од ЗПП;
- Погрешна примена на материјалното право од чл. 345 од ЗПП.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Првостепениот суд сторил суштествена повреда на одредбите од парничната постапка а поконкретно на чл.343 ст.2 т.14 од ЗПП, бидејќи Решението има бројни недостатоци поради кои не може да се испита, особено затоа што неговата изрека е нејасна, неразбирлива и противречи на причините за истото, а постои и противречност помеѓу изведените докази и утврдената фактичка состојба. Исто така,со вака донесеното Решение судот сторил повреда на член 344 од Законот за парничната постапка од причина што погрешно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба.

Имено, првостепениот суд при повторно постапување а согласно напатствијата на повисокиот суд имаше задача да го преиспита фактот дали доказот- вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, а на кој пред се, се темели предлогот за повторување на постапката, е нов доказ и дали врз основа на истиот доказ би можела да биде донесена поповолна одлука за туженият.

Првостепениот суд, при донесување на својата одлука наместо да се води од напатствијата на повисокиот суд и да се произнесе по однос на главното прашање кое се однесува на клучниот доказ- вештиот наод и мислење СВ I 32/2015, во своето образложение комплетно го маргинализира истото на начин што не може да се добие никаков заклучок како судот сега го третира овој доказ. Единствено, во своето образложение судот констатирал дека доказот- вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 врз основа на кој туженият барал повторување на постапката, е поднесен во рок, што е неспорно, за да потоа, судот наведе дека овој доказ бил употребен , односно искористен без успех во поранешната постапка па следствено не се исполнети законските претпоставки во член 392 ст.1 т.9 од ЗПП?!!!

Претходно цитираниот член 392 ст.1 т.9 од ЗПП вели: Постапката што со одлука на судот е завршена правосилно може по предлог на странката да се повтори, ако странката узнае за нови факти **или** најде **<u>или стекне можност да употреби нови докази</u> врз основа на кои за странката можела да биде донесена поповолна одлука** тие факти или докази да биле употребени во поранешната постапка.

Во смисла на претходно наведеното, судот морал да утврди и јасно да образложи прво, кога туженият стекнал законска можност да го употреби новиот доказ- вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 во конретната постапка и второ, дали овој нов доказ доколку бил употребен во поранешната постапка би допринел да биде донесена поповолна одлука за туженият.

Од нејасни причини, првостепениот суд избегнал да се произнесе по однос на овие две прашања и се фокусирал на сосема друга тема која воопшто не беше предмет на разгледување од страна на повисокиот суд во Решението ГЖ 2012/22.

Цениме дека апсолутно не е доволно едноставно да се констатира дека доказот - вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 бил употребен во поранешната постапка без успех, а притоа да се нема никакво образложение како судот го утврдил тоа.

Во оваа смисла укажуваме дека туженият за прв пат во оваа постапка се стекнал со законско право и можност да го употреби новиот доказ- вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 по правосилното завршување на постапката, со поднесување на предлог за

повторување на истата и никогаш претходно, бидејќи во фаза на жалбената постапка законот не дозволува поднесување нови докази а уште помалку судот имал право и должност да се произнесува по однос на нови докази во фаза на жалба. Оттука, неприфатливо и правно неиздржано е да се тврди дека туженият го употребил овој доказ претходно и тоа без успех.

Ваквото тврдење на судот е целосно спротивно на веќе утврдениот факт од истиот суд во претходното Решение ППОВ 5/21 од 21.10.2021 година, во кое судот јасно образложил дека: *„доказот-вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен од страна на Бирото за судски вештачења, а доставен од туженият со писмен поднесок во жалбената постапка против Пресудата П4 40/14 од 30.01.2015 година на Основниот суд Штип, при повторно судење од страна на првостепениот суд со решение не е одбиен да се изведува како доказ ниту пак од друга страна е ценет и изведен како доказ во доказна постапка. Овој доказ за првпат се споменува во Пресудата ГЖ 205/21 од 03.06.2021 година на Апелациониот суд Штип каде што Апелациониот суд наведува дека наодот и мислењето од 09.07.2015 година изготвен од Бирото за судски вештачења не е прифатен како доказ бидејќи не е доставен во фаза на постапката како што тоа е предвидено во член 235 од ЗПП.“*

Оттука, а доколку се има предвид Пресудата ГЖ 205/21 од 03.06.2021 година на Апелациониот суд Штип јасно може да се заклучи **дека доказот - вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 никогаш претходно не бил ценет како доказ, не бил прифатен како нов доказ и не бил отфрлен како доказ во смисла на член 341 од ЗПП** кој гласи: Во жалбата не можат да се изнесуваат нови факти ниту да се предлагаат нови докази, освен ако се однесуваат на суштествени повреди на одредбите од парничната постапка поради кои може да се изјави жалба.

Следствено, одговорот на првото клучно прашање во врска со исполнетоста на условите за повторување на постапка од член 392 ст.1 т.9 од ЗПП е дека туженият за прв пат се стекнал со можност да го употреби новиот доказ - вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 по правосилно завршување на постапката, со предлог за повторување на истата.

Второто прашање дали новиот доказ би допринел за поповолна одлука за туженият доколку истиот би можел да биде употребен во претходната постапка исто така не е одговорено од страна на првостепениот суд.

Од тие причини цениме дека е потребно да појасниме дека вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен од Бирото за судски вештачења во кривичната постапка не се предлага како вештачење во смисла на член 235 од ЗПП, всушност тоа јасно е дека не е ни можно, туку како нов доказ кој сведочи за факти кои се од решавачко значење за конкретната правна работа помеѓу тужителот и туженият, а кои граѓанскиот суд може и правично е да ги употреби во полза на туженият.

Туженият кон предлогот за повторување на постапка го приклучи и Решението КО бр.255/13-III од 15.09.2016 година на ОЈО Штип како потврда за истите тие факти кои се утврдени со новиот доказ - вештачењето СВ I 32/2015, но образложението на судот и во однос на овој доказ е во најмала рака нелогично.

Имено судот погрешно утврдил дека ова решение не претставува нов доказ, бидејќи тој доказ не постоел во време на пресудувањето на П4 бр.78/15 од 18.01.2016. Ова правило не важи за доказите, туку за фактите во доказите, па така, **Решението од ОЈО Штип содржи факти коишто се настанати во времето на пресудувањето** и тоа конкретно: .....*„Ваков валиден доказ за реализација на инвестицијата односно вложувањето од страна на пријавителот – оштетениот Владислав Михаилович Втулкин како нерезидент кој тврди дека има реализирано капитална трансакција-инвестиција во Република Македонија, не е доставен, ниту пријавен, кој факт се утврди од извршените проверки и доставениот Посебен извештај бр.17-1070/1 од 04.06.**2014** година на Управата за финансиска полиција, како и од спроведеното економско-*

финансиско вештачење од тим на вешти лица при Бирото на за судски вештачења Скопје и дадениот наод во истото."...

Решението на ОЈО е јавна исправа која потврдува за вистинито дека нерезидентот немал пријавено инвестиција-вложување во Македонија, а овој факт никогаш не е оценуван во ниту една постапка пред судовите, тие не биле истакнати, а тогаш постоеле.

Дополнително, **тужителот не изразил волја дека ова се негови вложувања** – директни инвестиции, бидејќи не ги пријавил во периодот од 2004-2008 година според кој овие известувања (неплатни документи) од Италија и Бугарија се содржани факти за купување опрема од тужителот, како наведеното во Извештајот од Компанијата НМ, бидејќи тужителот не ја извршил пропишаната должност во чл.8 од Законот за девизното работење (Сл.весник 34/2001, 51/2003 и 81/2008) согласно која „ Нерезидентите се должни во рок од 30 дена (60 дена, според измените на Законот за девизно работење од 2003) од денот на склучувањето на капиталната трансакција која е правна основа на стекнување за директна инвестиција во Република Македонија, да го пријават вложувањето и сите натамошни измени на вложувањето во Министерството за економија.

Должноста да изврши пријавување во Регистарот на директни инвестиции е на нерезидентот – наводниот руски инвеститор, а не на резидентот во кој нерезидентот вложува.

Во Извештајот за констатирана состојба 247/13 од Компанија НМ на кој се заснова решителниот факт -причина за пресудата П4-78/15 од 18.01.2016 година и Апелационата пресуда за правосилноста на пресудата ГЖ 205/21, во точка 2 се наведени: потврда од 10.04.2008 година од друштвото ФИМЕР, потврда од ПИМ Хасково Бугарија од 11.04.2008 година, допис од 19.11.2007 година од ДЕЛЛА ТОФФОЛА Италија, со констатација - вкупен износ на вложувања во машини и опрема во износ од 1.646.794 евра, со наводи дека се платени од Втулкин.

Овој факт е решителен факт – причина на пресуда П4-78/15 наведен на страна 4 каде стои: „....**Ова нешто за вложувањата во машини и опрема, за производство на тужените е констатирано и од Изветајот за констатирана состојба на економско-правното биро на компанијата НМ Скопје, со штембил 247/13 кадешто е констатирано вкупно вложување во машини и опрема за производство на вино 1.646.796 евра, сите платени од страна на тужителот, поединечно утврдени во износи од Италија и Бугарија, а средства дадени од тужителот. Според ова финансиска состојба на ова економско-правно биро тужителот дал и средства во вид на аванс и тоа на износ од 266.164 евра повеќе примен аванс отколку што било извезено вино од тужената страна, а платени од страна на тужителот, што значи од страна на оваа компанија, вложувањата на база на приложени докази и увидот во финансиско економската документација кај туженият изнесува 1.915.158 евра**"...

Извештајот на компанјата НМ 247/13, **не го содржи фактот од Централен регистар**, дали овие вложувања се пријавени од страна на нерезидентот руски вложувач, бидејќи се работи за вложувања во периодот до 2008 година, до кога нерезидентот бил должен да ги пријави овие наводни плаќања било во пари, предмети и права во Регистарот на директни инвестиции кој до 2008 година го водеше Министерството за економија, а од 01-ви Октомври 2008, Централниот регистар.

Во овој контекст, според чл.8 од Законот за девизното работење (Сл. весник 34/2001): **Нерезидентите се должни** во рок од 30 дена (односно 60 дена според измената од 2003) од денот на склучувањето на капиталната трансакција која е правна основа на стекнување за директна инвестиција во Република Македонија, **да го пријават вложувањето и сите натамошни измени на вложувањето** во Министерството за економија.

Според чл.20 од ЗОО: Волјата за склучување на договор може да се изјави со зборови, вообичаени знаци или со друго однесување од кое со сигурност може да се заклучи за нејзиното постоење содржина и идентитет на давачот на изјавата.

Оттука, тужителот во референтниот период на којшто се однесуваат таканаречените вложувања од негова страна, од 2003-2008 година според писмата од Бугарија и Италија, а на

кои се заснова Извештајот на Компанијата НМ, **не изразил волја дека таквите констатирани наводни плаќања од оваа компанија НМ, се негово вложување во форма на внесување на опрема** во фирмата Имако ДОО и Имако Вино ДООЕЛ.

За разлика од ова, најновиот доказ **Решението на ОЈО, на последната страна пасус 3, го содржи овој факт**, со кој се докажува за вистинит во оваа јавна исправа, како и јавната исправа Посебен извештај бр.17-1070/1 од 04.06.2014 година на Управата за финансиска полиција. Првостепениот суд не го оценувал или неправилно го оценувал Решението на ОЈО, со тоа што воопшто не го оценил овој нов факт којшто постоел пред да престане можноста да биде истакнат, а за што туженият не е виновен што не можел да го приложи, бидејќи е обезбеден по налог на јавен обвинител, во истражна постапка, од државен орган за прогон, каде на пријавениот согласно ЗКП не му се дозволува увид на докази пред завршување на истрагата.

Видно од пропратното писмо за достава на овој доказ од ОЈО со датум 01.12.2022 година, се наведува дека не се во можност да ги дадат доказите во постапката бидејќи истата е завршена со Решение за отфрлање на кривична пријава од ОЈО од 15.09.2016 година. Дотолку повеќе што, согласно ЗКП, во оваа фаза пријавениот не се смета како странка во постапката, а ова видно и од доставниот налог во самото Решение каде е пропишано: еден примерок од решението да се достави до оштетениот, сега противник.

Но, од фактите утврдени во јавнообвинителската одлука – јавна исправа, за вистинито и точно се докажало дека тужителот нема направено и не пријавил вложувања во Регистарот на директни инвестиции, што значи дека наводите за вложувања во опрема во писмата од Бугарија, Италија наведени во извештајот на Компанијата НМ, не се однесуваат на капитални вложувања во трговските друштва Имако Вино Дооел и Имако ДОО од тужителот.

Имајќи го во предвид изнесеното, неспорно може да се утврди **дека судот го ценел доказот како факт, а не новите факти во доказот**. Со тоа, сторил суштествена повреда на постапката од чл. 343 ст.1 в.в. со чл.345 и чл.392 т.9 од ЗПП, бидејќи не е битно кога настанал доказот, дозволено е истиот да настане по завршување на постапката, но фактите во овој доказ треба да настанале во моментот кога нивното изнесување било можно.

Прилог: Копија од коментар на страна 748 од ЗПП

Во овој контекст, посебниот Извештај на финансова полиција бр.17-1070/1 е составен во 2014 година, а првостепената пресуда П4 бр.78/15 е донесена 18.01.2016 година, што значи дека новиот факт дека тужителот Втулкин не го регистрирал наводното плаќање во како вложување во Имако ДОО и Имако Вино ДООЕЛ, постоел пред да престане можноста да биде истакнат, кој туженият без своја вина не можел да го истакне, а несоменено ќе доведе до поповолна одлука за туженият.

Факт кој постоел пред правосилноста на постапката во доказ кој настанал по правосилноста на постапката, е услов за повторување на постапката со поднесување на нов доказ, токму после правосилното завршување на постапката.

Доказот кој настанал по правосилноста на постапката, услов е да содржи нов факт кој постоел пред да престане можноста да биде истакнат, што значи дека судот го погрешил ова правило сметајќи дека доказот е факт, наместо да го оценува фактот во овој доказ дали настанал пред правосилноста.

Сите овие најнови факти судот воопшто не ги оценувал ниту земал во предвид при одлучувањето, со што сторил бројни повреди на постапката, погрешно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба и погрешно го применил материјалното право, односно воопшто не ги применил прописите од Законот за девизното работење (Сл.весник 34/2001, 51/2003 и 81/2008) кои важеле во периодот на наведените плаќања во писмените известија од Бугарија и Италија содржани во Извештајот на Компанијата НП, а кои се решителни факти- причини за пресудата.

Оттука, фактите од целокупната спроведена правосилна постапка, кои се однесуваат на идентичноста на тужбеното барање на тужителот, не укажуваат на постоење на надомест на штета поради оштета од вложувања во друштвото согласно договорот од 2004 година.

Напротив, согласно фактите во писмата од Бугарија и Италија кои ги содржи Извештајот за констатирана состојба, како и точките 3,4 и 5 за плаќања аванси од купопродажба и извоз на вино помеѓу фирмите на странките, се потврдува дека се работи за друг основ кој не произлегува од договорот од 2004 година, кој е спротивен на идентичноста на тужбеното барање, а тоа би претставувало недозволено пречекорување на тужбено барање.

Со фактите изложени од овој најнов доказ- Решението на ОЈО во целост се потврдуваат за точни и вистинити фактите утврдени во вештачењето СВ I 32/2015 на Бирото за судски вештачења, кое беше поднесено како доказно средство од видот **јавна исправа** (а не вештачење), што во пропишана форма ја издал државниот орган Биро за судски вештачења, во граници на својата надлежност согласно закон, пропишани во член 43-а од Законот за вештачење. Иста доказна сила има и новиот доказ Решението КО бр. 255/13 од 15.09.2016 година на ОЈО Штип.

Сите три (Решението на ОЈО, Наод и мислење на Бирото за судски вештачења како и Потврдата од Управата за финанскиска полиција) се јавни исправи, а според правилото пропишано во член 215 став 1 од ЗПП, ваквите јавни исправи ја докажуваат вистинитоста на она што се потврдува или определува во неа.

Од друга страна, во постапката за повторување, тужителот не истакна постоење на регистрација, ниту поднесена пријава од него за извршено плаќање во пари, предмети или права како директна инвестиција- лично вложување во Имако ДОО и Имако Вино ДООЕЛ поднесена во периодот од 2003-2008 година, за кој се однесуваат писмата од Бугарија и Италија содржани во извештајот за констатирана состојба на Компанијата НМ во т.1, стр. 1 и 2 - решителен факт на правосилна пресуда, поточно неправилно, неточно и невистинито утврден факт.

Со оглед на изнесеното, сметаме дека се исполнети условите за дозволување на повторувањето на постапката, бидејќи новите факти во новите докази кои тужениот без своја вина не можел да ги истакне во претходната постапка, несомнено ќе доведат до поповолна одлука за тужениот.

Со оглед на досега изнесеното, му предлагам на Апелациониот суд во Штип да ја уважи жалбата на предлагачот Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, а Решението ППОВ.бр.2/22 од 23.01.2023 година на Основен суд Штип, да го преиначи на начин што ќе го усвои Предлогот за повторување на постапката правосилно завршена со пресуда на Основниот суд во Штип П4 бр.78/15 од 18.01.2016 год. поднесен од предлагачот-тужениот Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип, ќе го ДОЗВОЛИ повторување на постапката П4 бр.78/15 водена пред Основниот суд во Штип по тужба на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, против тужените Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип за надомест на штета во износ од 1.915.458,00 евра и ќе ЈА УКИНЕ пресудата на Основниот суд во Штип П4 бр.78/15 од 18.01.2016 год. која станала правосилна на 03.06.2021 год, како и ќе го задолжи противникот да му ги надомести трошоците на предлагачот согласно доставениот трошковник од 27.01.2023 година, зголемени за состав на оваа жалба во износ од 82.836,00 денари со вклучен 18% ДДВ, како и за судска такса за жалба во износ кој ќе биде одмерен од судот.

Скопје,

28.02.2023 год.

За тужениот,

Полном. Адв. Гоце Шоневски

Полном.Адв.Филип Медарски

АДВОКАТ
Филип Медарски
Васил Главинов бр. 3-1/2
Скопје - Центар, Центар
Лиценца Бр. 1872

Проф. д-р Кирил Чавдар
Доцент д-р Кимо Чавдар

ЗАКОН ЗА ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА

со коментари, судска практика, обрасци за практична примена и предметен регистар

Второ изменето и дополнето издание

Агенција „АКАДЕМИК" Скопје
Скопје 2011

- кога на рочиштето по повод на приговорот на туженият на еден дел од побарувањето на тужителот од усвоениот платен налог, туженият поднесе писмени докази дека на тужителот му исплатил поголем износ од оној што го навел во приговорот и бара тој да му се признае во оваа парница, тогаш тоа треба да се сфати како предлог за повторување на постапката за разликата меѓу износот од приговорот против платниот налог и стварно исплатениот долг и претходно да се оцени дали се исполнети условите за повторување на постапката;

- новите факти, врз основа на кои во смисла на чл. 392 т. 9 од ЗПП, може да се бара повторување на правосилно завршената постапка, треба да настанале во време додека во постапката чие повторување се бара, нивното изнесување било можно. За новите докази, спомнати во цитираниот пропис, не е од значење времето кога настанале, туку е од значење новите докази да се однесуваат на факти кои настанале во време пред да престанало правото на изнесување на новите факти во постапката чие повторување се бара. Изложеното разликување потекнува од таму, што во случајот на новите факти, настанати во време кога повеќе не можеле да се употребат во поранешната постапка, не е веќе во прашање истиот настан, случка, па врз основа на нив може да се поднесе нова тужба, а не може да се бара повторување на постапката. Тоа разликување кај новите докази, по природата на самите работи, не е од значење;

- може да биде причина за повторување на постапката од чл. 392 т. 2 од ЗПП, ако не биле исполнети условите странката да биде поканувана преку огласната табла на судот, а сепак тоа е сторено, и постапката правосилно е завршена;

- не може да се бара повторување на постапката завршена со судско порамнување;

- сослушување на сведокот се смета нов доказ, иако странката уште во текот на поранешната постапка го знаела неговото име, но за неговото место на живеење разбрала дури по правосилното завршување на постапката;

- кога парнично неспособната странка земе адвокат како полномошник, таквото застапување не е правилно, и може да се бара повторување на постапката без врзување за рокот од пет години од чл. 394 ст. 3 од ЗПП;

- не е дозволено повторување на постапката завршена со повлекување на тужбата;

- правосилната ослободителна пресуда на кривичниот суд претставува нов доказ за туженият, кој во парницата е правосилно задолжен како штетник да ја надомести штетата причинета со дејствие поради кое против него и се водела кривичната постапка;

- тужителот не е овластен да бара повторување на постапката во која во целост е усвоено неговото тужбено барање;

- повторување на постапката не може да се бара поради погрешна примена на материјалното право;